УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

орални капки

# СолДевит® $_3$ 1000

**Пред употреба на граничниот производ, внимателно прочитајте го упатството.**

- Пред употреба на граничниот производ внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.
- Овој граничен производ се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од лекар. Меѓутоа, и покрај тоа, **СолД$_3$евит® 1000** треба да го употребувате претпазливо (внимателно) за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува и за што се употребува граничниот производ **СолД$_3$евит® 1000**
2. Што мора да знаете, пред да го употребите граничниот производ **СолД$_3$евит® 1000**
3. Како да се употребува граничниот производ **СолД$_3$евит® 1000**
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на граничниот производ **СолД$_3$евит® 1000**
6. Дополнителни информации

**1. ШТО ПРЕТСТАВУВА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД СолД$_3$евит® 1000**

Витамин Д$_3$ (холекалциферол) придонесува за нормална апсорпција и искористување на калциумот и фосфорот во организмот. Неопходен е за нормално одржување на коските и забите. Витаминот Д$_3$ ја поддржува нормалната функција на имунолошкиот систем и учествува во одржување на нормалната мускулна функција.

**СолД$_3$евит® 1000** се препорачува заради спречување на дефицит на витамин Д и за потреби во исхраната кај недостаток на витамин Д.

Посебно се препорачува кај жени во менопауза, лица со голема телесна тежина и лица кои недоволно се изложуваат на сончевото зрачење.

**2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД СолД$_3$евит® 1000**

Препаратот не се препорачува на деца помлади од 3 години и лица пречувствителни на која било состојка од производот.

Овој производ е граничен производ и не треба да се употребува како замена за вкупна или балансирана исхрана.

**Бидете посебно внимателни со граничниот производ СолД$_3$евит® 1000**:

Во текот на употребата на препаратот да не се употребуваат други препарати кои се извор на витамин Д поради можното пречекорување на дневните дози на овој витамин.

**Употреба со лекови и други медицински производи:**

Нема податоци

**Земање СолД$_3$евит® 1000 на со храна или пијалок**

Нема податоци

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек или граничен производ ако сте бремени, мислите дека сте бремени или планирате бременост.*

Бремени и доилки, пред употреба на препаратот, треба да се консултираат со лекар.

**Влијание врз способноста за управување моторно возило или ракување со машини**

Нема податоци за влијанието **СолД$_3$евит® 1000** врз способноста за возење или ракување со машини.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти во граничниот производ СолД$_3$евит® 1000**

Не е употребиво.

**3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД СолД$_3$евит® 1000**

*Секогаш употребувајте* **СолД$_3$евит® 1000** *според препораките дадени во ова упатство или како што Ви препорачал Вашиот лекар.*

1 капка/доза дневно

Производот е наменет за деца од 3 години и возрасни.

**Ако сте употребиле повеќе СолД$_3$евит® 1000 од препорачаното**

Нема податоци

**Ако сте заборавиле да земете СолД$_3$евит® 1000**

Нема податоци

**Ако наеднаш престанете да земате СолД$_3$евит® 1000**

Нема податоци

**4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА**

Нема податоци

**5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД СолД$_3$евит® 1000**

*Чување:*

Да се чува на температура до 25$^0$C, во оригинално пакување, на места заштитени од светлина и влага.

Граничниот производ да се чува на места подалеку од поглед и дофат на деца.

*Рок на употреба*

3 (три) години

(рокот на траење е означен на пакувањето)

**6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

**Што содржи граничниот производ**

1 спреј доза/капка содржи:

Витамин Д (во облик на холекалциферол)........................................... 25 µg (1000 IU)

Список на останати состојки:

Растворувач – триглицериди од масни киселини со среден синџир

**Како изгледа и што содржи пакувањето на граничниот производ СолД$_3$евит® 1000**

Орални капки, 10 ml

Шишенце од темно стакло, во картонска кутија

**Производител на граничниот производ**

Pharmanova d.o.o.,

Индустријска 8, Обреновац, Република Србија

**Носител на одобрението за ставање на граничниот производ во промет**

Претставништво Фарманова Илинден

Ул. 34 бб, Илинден, Република Северна Македонија

**Начин на издавање**

Граничниот производ се издава во аптека, без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи**

11-11068/2 од 22.01.2020.

**Датум на последна ревизија на упатството за употреба**

Упатство е одобрено на 22.01.2020.

PHARMANOVA

3203296-1